РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3646/5
21-11-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 77-та седница одржана на ден 14.11.2022 година донесе

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 08-4319/1 од 16.09.2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _____, поранешен _____
СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4319/1 од 16.09.2019 година.

Предметот број 08-4319/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, се објавува на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот број 08-4319/1 од 16.09.2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _____, поранешен _____, е оформен по сопствена иницијатива, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година .

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, за имотот на _____ и имотот на членовите на неговото семејство, прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и по нивно споредување со податоците од анкетниот лист на _____,поранешен_____,

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска